## ЦЕФТА Договор

Договорот за изменување и пристапување во ЦЕФТА наречен ЦЕФТА 2006 е потпишан на 19 декември 2006 година во Букурешт. Од 22.11.2007 година стапи на сила во однос на сите потписнички на Договорот и тоа: Р. Македонија, Р. Албанија, Босна и Херцеговина, Р. Хрватска, Р. Молдова, Р. Црна Гора, Р. Србија и УНМИК за територијата на Косово. ЦЕФТА 2006 претставува значаен чекор во напорите за економско интегрирање на земјите од Југо-источна Европа (регионот). Од економски аспект окрупнувањето, односно можноста за создавање на единствена зона на слободна трговија особено ќе биде поволна за земјите со мали пазари како Р. Македонија. Овој Договор покрај либерализацијата на трговијата со стоки, за прв пат отвара простор за зголемена соработка помеѓу нејзините членки и во следниве области: трговијата со услуги, јавни набавки, инвестиции и заштита на интелектуалната сопственост. Се очекува со примената на ЦЕФТА 2006 во регионот да дојде до значително рздвижување на трговската размена, а со тоа и до зголемување на неговите конкурентски предности.